Постапувајќи по претставка бр. 0801-149 од 02.07.20221 поднесена од [redacted] Скопје и [redacted] против [redacted] со живеалиште на [redacted] Прилеп, [redacted] со живеалиште на ул. [redacted] Прилеп, [redacted] со живеалиште на ул. [redacted] Берово и [redacted] со жицеалиште на ул. [redacted] Штип, за сторено вознемирување врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет со пишување и објава на текст со вознемирувачка содржина на интернет портали, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 19.08.2021 го донесе следново

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Бр. 09-149/8
23.08 2021 год.
СКОПЈЕ

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет сторено од [redacted] со пишување на текст со вознемирувачка содржина кон ЛГБТИ луѓето, насловен како "Простете геј другари, не е до хормоните, до логиката е!"

**СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет сторено од [redacted], [redacted] и [redacted] за споделување на текст со вознемирувачка содржина кон ЛГБТИ луѓето, насловен како "Простете геј другари, не е до хормоните, до логиката е!" на интернет порталите misli.mk, temite.mk и tribuna.mk.

## Образложение

На 02.07.2021 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од [redacted] Скопје и [redacted] против [redacted] од Прилеп, [redacted] од Прилеп, [redacted] од Берово и [redacted] од Штип, за сторено вознемирување врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет со пишување и објава на текст со вознемирувачка содржина на интернет портали.

Согласно наводите од претставката на 26.06.2021 [redacted] напишала текст со наслов "Простете геј другари, не е до хормоните, до логиката е!", кој изобилува со вознемирувачки содржини насочени кон ЛГБТИ луѓето и претставува вознемирување врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет, согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација. Овој текст е објавен на интернет порталите temite.mk, misli.mk и tribuna.mk и на нивните фејсбук страни, за што подносителите доставуваат копии од објавите на текстот на споменатите интернет и фејсбук страни. Со проверка на порталите од страна на подносителите на претставката, утврдено е дека [redacted] се јавува како регистрант и главен и одговорен уредник на порталот tribuna.mk, [redacted] се јавува како регистрант на порталот misli.mk, а [redacted] се јавува како регистрант на порталот temite.mk. Во претставката подносителите наведуваат дека лицето [redacted] е главен и одговорен уредник на интернет порталот, меѓутоа согласно наводите од поднесокот за доставување докази и дополнување на претставката од 23.08.2021, лицето [redacted] се јавува како корегистрант на порталот tribuna.mk, заедно со [redacted].

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација сметаше дека наводите од претставката и приложените докази го прават тврдењето на подносителите веројатно и дека товарот на докажување треба да премине на потенцијалните дискриминатори. На 08.07.2021 Комисијата согласно чл. 24, ст. 7 и чл. 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација достави известување до [redacted] од Прилеп,

[redacted] од Прилеп, [redacted] од Берово и [redacted] од Штип, со барање за писмено произнесување по наводите од претставката, во рок од 15 дена од приемот на известувањето.

На 04.08.2021, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен поднесок за произнесување по претставката, доставен од [redacted], [redacted] и [redacted], преку полномошник адвокат [redacted] од Велес. Лицето [redacted] во законски предвидениот рок не достави произнесување по доставената претставка.

Во поднесокот за произнесување полномошникот на [redacted], [redacted] и [redacted] наведува дека лицата [redacted] и [redacted] не се автори на текстот кој според подносителите претставува вознемирување вез основа на сексуална ориентација и родов идентитет. Воедно полномошникот наведува дека согласно Законот за медиуми "електронските медиуми" или порталите не се дефинирани како медиуми, односно дека не се средство за јавно информирање, односно немаат организациона структура и поставеност како медиумите дефинирани во чл. 2 од Законот за медиуми, па согласно тоа немаат главен и одговорен уредник. Во поднесокот се наведува дека порталите немаат законски третман на медиуми и согласно тоа не може да бидат релевантен извор на информации и нивните содржини немаат третман на информација.

Полномошникот во поднесокот за произесување наведува дека [redacted] не може да сноси одговороност како регистрант на порталот misli.mk бидејќи не го пишувала или објавила текстот, а објавениот текст има автор.

Во однос на наводите за потенцијално сторено вознемирување врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет сторено од [redacted], преку пишување на спорниот текст, полномошникот смета дека тоа е право на изјаснување сопствено мислење по одредени прашања од јавен интерес, предвидено со чл. 10 од Европската конвенција за човековите права и слободи и претставува слобода на изразување, предвидена во Уставот на РСМ.

За крај во поднесокот за произнесување се наведува дека за да постои повреда на достоинство кое произлегува по дискриминаторска основа со вознемирување потребно е дејствието кое предизвикува вознемирување да се повторува, односно да има континуитет, а не тоа да се случува во само една ситуација, како што е во конкретниот случај.

По разгледувањето на наводите од претставката, доказите кон претставката, поднесокот за произнесување на пиотенцијалните дискриминатор и важечката законска регулатива, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го заклучи следново:

- На 26.06.2021 година [redacted] напишала текст со наслов "Простете геј другари, не е до хормоните, до логиката е!". Овој текст е објавен на порталите temite.mk, tribuna.mk, misli.mk, а објавите на текстот се уште се наоѓаа на споменатите интернет портали до денот на изготвувањето на ова мислење.

- Текстот содржи повеќе содржини, кои согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација претставуваат вознемурување врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет на ЛГБТИ луѓето. Еден извадок од ваквите содржини гласи:

*"Се знае како се прави дете и од кај излегува детето. Или и за тоа имате решени, сепак сите сте богати ве колкаат пати па ке ви роди некоја. Аууууу ќе заборавев Love is love. Ова збегано малку другари, и за педофилите важи ли ова? Не е се love, нешто е и БОЛЕСТ! За разлика од вас, ние ве гледаме како луѓе. Ама пусто модерно ... Што е следно? Протест и субвенции и вазелин и страп он? Или може протест за бесплатни операции за СЕЧЕЊЕ на мандалото?"*

Ваквото споредување на хомосексуалноста со педофилијата како и квалификувањето на хомосексуалноста како болест претставува вознемирување врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација. Дополнително ваквиот дискриминаторски говор не е заштитен со Уставот и Европската конвенција за човекови права, односно ги надминува границите на слобода на изразување и задира во повреда на права на други лица. Во насока на ова тврдење оди и судската пракса на Европскиот суд за човекови права, кој во случајот Veejdelend and others v. Sweden, жалба бр. 1813/07, одлучува дека ваков говор треба да биде санкциониран. Во овој случај се работело за летоци во кои хомосексуалците биле претставени како "девијантна сексуална скклоност" која "морално го уништува општественото ткиво". Судот во овој случај сметал дека ваквите изјави иако директно не повикуваат на насилство, сепак се сериозмни и штетни изјави кои во цитираниот случај биле предмет и на кривично гонење. Судот на крајот заклучува дека санкционирањето ваквиот говор, неговото препознавање како вознемирување кое создава заканувачка, понижувачка и непријателска средина е неопходно во едно демократско општество, со цел заштита на правата и на достоинството на другите.

Текстот продолжува со банализирање на концептот на парада, која претставува практикување на уставно загарантирано право на мирен собир, во насока да се ужаке дека ЛГБТИ луѓето во моментов имаат и премногу права. Вака конципираниот текст тенденциозно креира дополнителна омраза и создава непријателска средина кон ЛГБТИ луѓето, а авторката целосно ги негира потребите и напорите на ЛГБТИ луѓето за остварување на своите права, дополнително маргинализирајќи ги со наведување дека треба да останат затворени и дека не треба да покренуваат прашања за нивните слободи и права.

Текстот воедно изобилува и со неточни и непроверени информации кои водат кон креирање на чувство дека ЛГБТИ луѓето имаат "повеќе права од другите луѓе" што резултира со креирање непријателска атмосфера и создава чувство на инфериорност на читателот кон ЛГБТИ луѓето во однос на правото на живот и егзистенција.

- Текстот е споделен и на фејсбук страните на споменатите портали. Во коментарите под објавите на текстот на фејсбук страните се интензивира вознемирувањето врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет. Фејсбук страницата Трибуна.мк во моментот на изготвувањето на ова мислење има 21.481 следбеници, а објавата на спорниот текст во моментот на изготвувањето на ова мислење има 80 реакции, 20 коментари и 6 споделувања. Фејсбук страницата темите.мк во моментот на изготвувањето на ова мислење има 15.664 следбеници, а спорниот текст во моментот на изготвувањето на ова мислење има 45 реакции, 11 коментари и 100 споделувања. Ова значи дека тесктот имал опфат и допрел до поширока публика, која видно од коментарите, во најголем дел споделува застрашувачки, вознемирувачки и непријателски пораки кон ЛГБТИ луѓето. Во коментарите може да се прочитаат повици за насилство кон ЛГБТИ луѓето, повик да се третитраат ЛГБТИ луѓето како на Парадата во Турција каде активистите се соочија со полициска бруталност, слика од куршум која треба да претставува решение за проблемот со ЛГБТИ луѓето итн.

Европскиот суд за човекови права во случајот Beizaras and Levickas v. Lithuania, жалба бр. 41288/15, во кој меѓудругото се работи и за хомофобични коментари на социјални мрежи под објава, одлучил дека ваквите коментари мора да бидат санкционирани во демократско општество. Судот цени дека дури и еден коментар со омраза под објава на социјална мрежа е доволно за истиот да се сфати сериозно, доколку објавата има голема видливост онлајн, како во случајот. Па оттука произлегува и одговорноста на порталите tribuna.mk, temite.mk, misli.mk и нивните регистранти да не овозможуваат ширење на дискриминаторски и вознемирувачки говор на своите портали.

Комисијата за спречување и заштита од дискримианција не постапува согласно Законот за медиуми, туку согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација. Членот 3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација широко ги регулира областите на примена на законот и меѓу другото пропишува дека законот ќе се применува во областите на *работата и работните односи, образование, наука и спорт, социјална сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита, правосудство и управа, домување, **јавно информирање** и медиуми, пристап до добра и услуги, членување и дејствување во политички партии, здруженија, фондации, синдикални или други организации засновани на членство, култура и **сите други области.*** Токму отворената клаузула "сите други области" и дава можност на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација да постапува по претставки за заштита од дискриминаторски и вонземирувачки содржини на интернет порталите и покрај тоа што тие немаат статус на медиуми согласно Законот за медиуми.

Од гореспоменатото може да се заклучи дека [redacted] со пишување на текстот насловен како "Простете геј другари, не е до хормоните, до логиката е!" извршила вонземирување врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет кон ЛГБТИ луѓето, пропишано во чл. 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

[redacted] како корегистрант на интернет порталот tribuna.mk, [redacted] како регистрант на интернет порталот misli.mk и [redacted] како регистрант на порталот temite.mk со споделување на цитираниот текст извршиле вознемирување врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет кон ЛГБТИ луѓето, пропишано во чл. 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Со дозволувањето на вознемирувачки, застрашувачки и заканувачки коментари под објавите на текстот на фејсбук страните на порталите, именуваните извршиле и поттикнување на дискриминација, пропишана во чл. 9 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Постапувајќи по член 27, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација во случај на утврдена дискриминација, Комисијата препорачува начин на отстранување на повредата на правото на еднаквост, односно начин на отстранување на дискриминацијата. Ставот 3 од истиот член посочува дека субјектот кон кого е упатена препораката има должност да постапи по истата и да ја отстрани повредата на правото наеднаквост. Следствено на ова, Комисијата ја донесе следнава

## ПРЕПОРАКА

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** [redacted] јавно да се извини за напишаниот текст "Простете геј другари, не е до хормоните, до логиката е!" со кој е извршено вознемирување врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет врз ЛГБТИ луѓето. Јавното извинување треба да биде објавено на порталите tribuna.mk, temite.mk и misli.mk кои го објавија вознемирувачкиот текст. [redacted] треба јавното извинување да го даде и објави на споменатите портали најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на ова мислење и препорака и за истото писмено да ја извести Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Воедно и се препорачува на [redacted] во иднина да се воздржи од пишување текстови кои во себе содржат вознемирувачка содржина врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет или било која друга дискриминаторска основа.

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** [redacted] како корегистрант на интернет порталот tribuna.mk, [redacted] како регистрант на интернет порталот misli.mk и [redacted] како регистрант на порталот temite.mk, да ги

отстранат објавите на текстот насловен како "Простете геј другари, не е до хормоните, до логиката е!" од споменатите портали најдоцна 30 дена од приемот на ова мислење и препорака.

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** [redacted] како корегистрант на интернет порталот tribuna.mk, [redacted] како регистрант на интернет порталот misli.mk и [redacted] како регистрант на порталот temite.mk да објават јавно извинување на [redacted] за напишаниот вознемирувачки текст насловен како "Простете геј другари, не е до хормоните, до логиката е!" веднаш по добивањето на извинувањето од именуваната.

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** [redacted] како корегистрант на интернет порталот tribuna.mk, [redacted] како регистрант на интернет порталот misli.mk и [redacted] како регистрант на порталот temite.mk од свое име да дадат јавно извинување за споделување на вознемирувачкиот текст на нивните портали и фејсбук страни во рок од 30 дена од приемот на ова мислење и препорака.

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** [redacted] како корегистрант на интернет порталот tribuna.mk, [redacted] како регистрант на интернет порталот misli.mk и [redacted] како регистрант на порталот temite.mk во иднина да се воздржат од објавување текстови кои во себе содржат вознемирувачка содржина врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет или било која друга дискриминаторска основа.

Комисијата го следи извршувањето на мислењата и препораките за конкретните случаи на дискриминација, сè до нивното исполнување. Доколку субјектите кон кои е упатена Препораката не постапат по истата, Комисијата има законска надлежност да поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци, согласно член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Скопје
23.08.2021

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка
Весна Бендевска

Комисија за спречување и заштита од дискриминација • Скопје